ГРАНИТ

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-1748
29.02. 2024 год.
СКОПЈЕ

www.granit.com.mk

Д2

Ф 6.2/3

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за работење на
СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
за 2023 година

Февруари, 2024

Листа за дистрибуција на Извештајот

Надзорен Одбор:
Ивана Милковска - Симева
Виолета Божиноска
Горан Марковски

# СОДРЖИНА

1. Вовед
2. Преглед на извршени редовни и вонредни ревизии
3. Останати активности на Службата за внатрешна ревизија
4. Следење на Кодексот на корпоративно управување согласно измените за Законот за трговски друштва
5. Наоди и дадени препораки за надминување на констатираните слабости, статус и степен на имплементација на препораките
6. Оценка на адекватноста на системите на внатрешна контрола
7. Мислење за соодветни заклучоци и препораки за подобрување на состојбите

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
ЕМБС: 4054261

СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
revizijagranit@granit.mk | Тел: +389 2 3218 759 | Факс+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

1. Вовед

Врз основа на Законот за трговски друштва (Сл. Весник 28/2004) член 415-а, член 415-б и член 415-в, Законот за изменување и дополнување на законот за трговски друштва (Службен весник28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и 290/2020), Правилникот за работа на Службата за внатрешна ревизија на ГД Гранит АД Скопје, предадениот План на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година, Службата за внатрешна ревизија до Надзорниот одбор на ГД Гранит АД Скопје доставува Годишен Извештај за нејзиното работење во 2023 година.

Во Извештајот се опфатени основните активности на Службата за внатрешна ревизија кои се однесуваат на:
1. Опис на извршени редовни и вонредни ревизии во Друштвото во неговите организациони и работни единици;
2. Опис на останати активности на Службата за внатрешна ревизија, реализација на поставени цели на Службата, наоди и дадени препораки за надминување на констатираните слабости и степен на имплементација на препораките, оценка на адекватноста на системите на внатрешна контрола и мислење со соодветни заклучоци и препораки за подобрување на состојбата;
3.Следење на усогасеноста на организацијата и дејствувањето на Друштвото со Кодексот на корпоративно управување, согласно законот за изменување и дополнување на законот на трговските друштва-Службен весник број 290 од 07.12.2020 година и заклучокот на Надзорниот одбор бр 12-13206 од 10.12.2020
4. Оценка на планираното време во контролата и отстапувањата по однос на доставениот План за 2023 година.

2. Преглед на извршени редовни и вонредни ревизии

Врз основа на правилникот на Службата за внатрешна ревизија и законот за трговски друштва од страна на Службата е изготвен и до Надзорниот одбор на Друштвото е доставен годишен план за работење на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година. По извршениот мониторинг на предадените ревизорски извештаи за 2022 година, степенот на реализацијата на дадените препораки, од страна на Службата за внатрешна ревизија е изготвен и предаден Годишен извештај за работата на Службата за 2022 година и истиот е прифатен од Надзорниот одбор на Друштвото.

По завршување на првото шестомесечје од 2023 година, изготвен е и доставен Полугодишен извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија година до Надзорниот одбор на Друштвото.

Согласно прифатениот годишен план во текот на 2023 година од страна на Службата за внатрешна ревизија изготвени и предадени се следните извештаи и постапки:

1. Извештаи за извршена контрола на налози за плати за месеците Јануари, Април , Јуни, Јули, Октомври и Ноември 2023 година согласно Одлука на Управен одбор број 12-4113 од 29.03.2018 година.

Сите изработени документи се доставени до релевантните органи на управување со Друштвото, до Секторот за правни, кадровски и општи работи и до ОЕ/РЕ/Сектори опфатени во ревизорските извештаи.

Спроведените ревизии и предадените извештаи од страна на Службата за внатрешна ревизија се прикажани во табеларен приказ за 2023 година.

Во изготвениот табеларен преглед јасно се прикажани извршените ревизии, временскиот период на изготвување на истите и органите до кои е извршена дистрибуција на соодветните ревизорски извештаи за 2023 година.

Табеларен преглед на извршени ревизии во текот на 2023 година

| Р.бр. | Назив на извештајот | Број | Датум | Доставен до |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Годишен план за ревизија за 2023 година | | 18.01.2023 | Надзорен одбор на ГД Гранит АД Скопје |
| 2 | Годишен извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година | | 28.02.2023 | Надзорен одбор на ГД Гранит АД Скопје |
| 3 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Јануари 2023 | | 20.02.2023 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 4. | Извештај за контрола на налози за плата за месец Април 2023 | | 17.05.2023 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Извештај за контрола на налози за плата за месец Јуни 2023 | | 24.07.2023 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 6. | Извештај за контрола на налози за плата за месец Јули 2023 | | 15.08.2023 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 7. | Извештај за контрола на налози за плата за месец Октомври 2023 | | 27.11.2023 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 8. | Извештај за контрола на налози за плата за месец Ноември 2023 | | 20.12.2023 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 9. | Полугодишен извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија | | 04.10.2023 | Надзорен одбор на ГД Гранит АД Скопје |

Извештаите за извршените ревизии и контроли се доставувани до релевантните организациони единици и сектори, Управниот и Надзорниот одбор на ГД Гранит АД Скопје. Изготвените извештаи од направените ревизии и контроли ги идентификуваат одредените недоследности и слабости во работењето и во координација со Менаџментот, Организационите единици, Сектори и служби. Носени се соодветни препораки и конкретни корективни мерки за решавање на идентификуваните проблеми и недостатоци, со утврдени рокови и динамика на нивната реализација.

## 3. Останати активности на Службата за внатрешна ревизија

За извршените ревизии во текот на 2023 година, Службата изврши мониторинг на степенот на имплементација на дадените препораки, согледување за надминување на констатираните неправилности и реализација на донесените заклучоци.

Од страна на работниот кадар на Службата, вложен е максимален напор за реализација и доследна примена на сите препораки, преку следење на терен, присуство на работни состаноци, давање на стручни мислења и реализација на дадените препораки и заклучоци.

Во 2023 година, по однос на одредени стручни прашања, вршени се консултации и давани се мислења, совети и напатствија на вработените и раководните лица во Друштвото.
За поуспешно реализирање на плановите и ревизиите се превземаат дополнителни мерки, се применуваат воспоставените стандарди и се врши континуирано професионално усовршување на кадарот вработен во Службата.

4. Следење на Кодексот на корпоративно управување согласно измените за Законот за трговски друштва

Согласно законот за изменување и дополнување на законот на трговските друштва-Службен весник број 290 од 07.12.2020 година и заклучокот на Надзорниот одбор бр 12-13206 од 10.12.2020 година во текот на 2022 година Службата за внатрешна ревизија во континуитет ја следи усогасеноста на организацијата и дејствувањето на Друштвото со Кодексот на корпоративно управување. Од страна на Службата за внатрешна ревизија во текот на 2022 година извршини се согледувања и направени се соодветни контроли за утврдување дали се почитува и соодветно применува Кодексот на корпоративно управување на ГД Гранит АД Скопје. Извршени се соодветни проверки и согледувања како и на кој начин се спроведуваат следните начела на управување:

1. Начело на гарантирање на правата и интересите на акционерите
2. Начело на транспарентност
3. Начело на гарантирање на правата и интересите на акционерите
4. Надзор и ревизија над работењето на Друштвото
5. Начело на спречување на корупција
6. Начело на заштита на лични податоци
7. Информирање на јавноста

Имплементирајќи го Кодексот за корпоративно управување, согласно измените на Законот за трговски друштва од 07.12.2020 година и заклучокот на Надзорниот одбор на ГД Гранит АД Скопје, Друштвото во целост го практикува и применува Кодексот на корпоративно управување и најголем дел од работењето на Друштвото е усогласено со постоечкиот-прифатен Кодексот за корпоративно управување.

Друштвото во доменот на целото негово работење го почитува и спроведува постоечкиот Кодекс за корпоративно управување и истиот транспарентно е објавен на веб страната на Друштвото, а и останува насочено кон следење на најновите практики и имплементирање на истите во работењето.

ГД Гранит во текот на 2023 година, редовно и транспарентно ги објавува сите релевантни информации од интерес на акционерите на веб страната, во насока на практична примена на начелото на транспарентност и гарантирање на правата и интересите на акционерите, како и информирање на јавноста.

Документацијата од областа на заштитата на личните податоци, како и сите формулари предвидени со новиот Закон за заштита на личните податоци, се достапни исто така на веб страницата на Друштвото. Друштвото е целосно посветено кон подигање на свесноста за важноста на почитувањето на начелото на приватност на сите субјекти на лични податоци и има вложено во технологии и човечки ресурси, како би ги испочитувало во целост обврските кои новиот Закон за заштита на личните податоци ги наметнува за Контролорите.

Согласно погоренаведеното, сите начела по кои се извршени проверките се поткрепени со соодветни документи, активности и соодветно назначен работен кадар за извршување на зададените задачи.

Со извршените проверки од страна на Службата за почитување и примена на одредени сегменти од Кодексот на корпоративно управување на ГД Гранит, констатирано е дека Друштвото во целост е усогласено и во континуитет ги извршува своите работно деловни активности согласно Кодексот за корпоративно управување.

Во идното работење Службата за внатрешна ревизија ќе посвети посебно внимание и поголема посветеност при вршење на проверки како и дали доследно и во континуитет се применуваат и практикуваат сите начела за корпоративно управување.

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
ЕМБС: 4054261

СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
revizijagranit@granit.mk | Тел: +389 2 3218 759 | Факс+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

5. Наоди и дадени препораки за надминување на констатираните слабости, статус и степен на имплементација на препораките.

Внатрешната ревизија во реализација на Годишниот план за 2023 година беше фокусирана на ефикасно и ефективно реализирање на планираните ревизии во рамки на расположивото време и овозможените човечки ресурси од страна на Надзорниот одбор. Во 2023 година, најголем дел од планираните активности согласно доставениот и прифатен Годишен план на Службата за внатрешна ревизија е реализиран.

Службата за внатрешна ревизија во континуитет вршеше контроли кои се поврзани со севкупното работење на Друштвото, со што се покриени планираните сегменти и деловни процеси, оценети од страна на Службата како приоритетни.

Вака воспоставените наоди и процедури допринесуваат за намалување на ризиците во работењето, односно поставуваат стандарди за квалитетно, економично и ефикасно работење на Друштвото.

Службата за внатрешна ревизија, како резултат на следење на реализација на дадените препораки, генерално укажува дека дадените препораки се почитуваат и спроведуваат со одредени исклучоци. Се препорачува да дадените мислења, наоди и препораки констатирани од Службата за внатрешна ревизија во текот на направените ревизии и контроли, целосно се прифатат и имплементираат во идното работење на Организационите единици, Сектори и Служби.

6. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола и мислење

За поуспешна работа и остварување на поставените годишни цели на Службата односно нивно континуирано, точно и целосно извршување, системот на работа и активности на Службата постојано се менува и се прилагодува на промените во законската регулатива, потребата од ревизија на одделни процеси на работењето во Друштвото и донесените акти на Друштвото.

Наодите и препораките од извршените контроли и ревизии упатуваат дека постојат одредени пропусти во контролираните процеси и укажуваат дека треба да се посвети внимание на нивното решавање, односно укажаните недостатоци и неправилности да бидат благовремено отстранети и да не се повторуваат.

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
ЕМБС: 4054261

СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
revizijagranit@granit.mk Тел: +389 2 3218 759 | Факс+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

Внатрешната ревизија смета дека најголем дел од контролите кои се неопходни за да ги идентификуваат ризиците во работењето на Друштвото се воспоставени и функционираат.

## 7. Мислење за соодветни заклучоци и препораки за подобрување на состојбите

Врз основа на извршените ревизии во периодот од 01.01.2023 - 31.12.2023 година во доставените извештаи до релевантните органи на Друштвото, за сите забележани недоследности и отстапки, дадени се препораки и соодветни мерки со одредени временски периоди за отстранување на истите. Врз основа на изработениот преглед за наоди, препораки и степен на имплементација на дадените препораки, презентирани и предадени до соодветните структури на Друштвото, Службата препорачува имплементирање на сите дадени препораки. Вршено е континуирано следење на ревизорските извештаи и превземени се мерки и активности за нивна доследна примена во отстранување на одредени недоследности поврзани со градежни и други стандарди од дејноста на работата на Друштвото.

Вака воспоставениот начин на работа на Службата за внатрешна ревизија допринесува за намалување на ризиците во работењето при што се воспоставуваат стандарди за квалитетно, економично и ефикасно работење на Друштвото.

Службата за внатрешна ревизија во координација со Раководните структури и Органите на Друштвото, во идниот период ќе посвети особено внимание на проценката на значајните ризици во работењето на Друштвото, ќе предложи конкретни мерки и активности за навремено отстранување на овие појави на ризици во работењето на сите организациони делови во Друштвото.

Директор на Служба на внатрешна ревизија
Тодор Шендов, д.г.и.

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
ЕМБС: 4054261

СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
revizijagranit@granit.mk | Тел: +389 2 3218 759 | Факс+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија